**Годишен извештај за работењето на**

**Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за 2017 година**

Скопје, Март 2018 година

## Содржина

1. Основање....................3

2. Мисија....................3

3. Визија....................3

4. Состав на Советот во текот на 2017 година....................3

5. Надлежности на Советот....................4

6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2017 година....................5

6.1 Лиценцирање....................5

6.2 Учество на членови на Советот и вработени во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија....................6

7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)....................6

7.1 Надзор над Институтот....................7

7.2 Учество на КПУ....................8

7.3 Дадени согласности на актите на Институтот....................8

7.4 Проверка на извештаите за транспарентност....................9

8. Меѓународна активност на Советот....................10

8.1 Светска Банка....................10

8.2 Таекс проект....................10

8.3 Репарис проект....................12

8.4 Учество на конференција во Албанија....................12

8.5 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план....................13

9. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2017 година....................13

## *1. Основање*

Заради унапредување и надзор на ревизијата, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии основаше Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16).

## *2. Мисија*

Советот има за цел преку стручни анализи, препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизија, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети, а со тоа да се минимизираат потенцијалните ризици со што ќе се влијае кон подобрување на целокупната бизнис клима во Република Македонија.

## *3. Визија*

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување висококвалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Македонија.

## *4. Состав на Советот во текот на 2017 година*

Мандатот на членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор за уште еден мандат. Во текот на 2017 година Советот работеше во 3 состави:

### а) Состав на Советот од 01.01.2017 до 09.01.2017 година

1. Соња Ѓелова – Стојанова, Претседател на Советот;
2. д-р Фросина Целеска, претставник од Народната Банка на Република Македонија;
3. Наташа Стојкова, претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување;
4. м-р Славица Илиевска, претставник од Комисијата за хартии од вредност; и
5. проф. д-р Зорица Божиновска – Лазаревска, претставник од Институтот на овластени ревизори на Р. Македонија.

### б) Состав на Советот од 03.03.2017 до 11.07.2017 година

1. Кристина Келемен – в.д. Претстедател на Совет; и

2. Именувани два в.д. членови на Советот претставници на ИОРРМ:
- проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска; и
- Николаки Миов.

**в) Состав на Советот од 11.09.2017 година**

1. Премтим Исени, в.д. Претседател на Советот;
2. Илија Андовски – в.д. член, претставник од Народната Банка на Република Македонија;
3. Дарко Блажевски – в.д. член, претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување;
4. Анета Трајановска – в.д. член, претставник од Комисијата за хартии од вредност;
5. Николаки Миов – в.д. член, претставник од Институтот;
6. Проф. д-р Зорица Божиновска – Лазаревска – в.д.член, претставник од Институтот; и
7. Беким Есати – в.д. член, претставник на големите стопански субјекти.

**г) Состав од 26.12.2017 година**

Со Одлука на Владата на Р.М на седница одржана на 26.12.2017 година е разрешен в.д. членот на Советот Беким Есати, а на негово место е назначен Благој Христов.

### *5. Надлежности на Советот*

Согласно со членот 8 од Законот за ревизија, Советот ги извршува следниве работи:

- донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
- донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
- издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
- иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;
- дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија нивно изменување и дополнување;
- го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија и преку учество во комисијата на Институтот надлежна за контрола;
- го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот;

- ја следи постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
- врши надзор над Институтот;
- изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;
- дава насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
- ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од Законот за ревизија;
- ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
- воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
- донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот;
- донесува годишен план за вработување на државни службеници;
- донесува годишен план на обуки за сите вработени;
- одлучува за други прашања за вработените; и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот на Советот.

Советот е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

## *6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2017 година*

Во сложената политичка состојба во државата која се рефлектираше и со неколкумесечно не конституирање на Советот, поради што немаше можности да се одржуваат седници и да се донесуваат одлуки, во последниот квартал во 2017 година, новиот состав на Советот успеа да ги реализира планираните активности во Годишната програма за 2017 година.

Во текот на 2017 година Советот одржа вкупно дванаесет редовни, од кои две електронски седници. На седниците се донесени 24 мислења, одлуки и решенија по однос на работата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

### *6.1 Лиценцирање*

Во текот на 2017 година, Советот согласно член 8 став 1 точка 3, а во врска со член 23, 24 и 25 од Законот за ревизија има издадено 11 лиценци за овластени ревизори, 2 лиценци на друштва за ревизија и 1 лиценца на овластен ревизор - трговец поединец. Одземена е 1 лиценца на друштво за ревизија поради неисполнување на услов од член 24 став 1 точка 2 од Законот за ревизија, односно поради немање вработени двајца овластени ревизори.

За постојано ажурирање на регистрите на физичките и правните лица кои вршат ревизија, Советот во континуитет го известуваше Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за секое ново лиценцирање, поради нивната законска обврска за ажурирање на Регистрите на физичките и правните лица кои вршат ревизија.

### *6.2 Учество на членови на Советот и вработени во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија*

Во последниот квартал на 2017 година, Министерството за финансии започна постапка на измени и дополнувања на Законот за ревизија. За таа цел беше одржана и работна средба во Министерството за финансии. Советот имаше активно учество во изработка на предлогот на Законот, преку давање на писмени забелешки и предлози заради констатирани делумни или целосни неприменливи одредби од постојниот Закон, како и давање на предлози за унапредување на неговите одредби, заради зајакнување на квалитетот на ревизијата и нејзиниот надзор.

## *7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)*

Една од позначајните активности на Советот беше зајакнувањето на соработката со Институтот, преку континуирано двонасочно информирање за состојбите и проблемите со кои се соочуваат правните и физичките лица кои вршат ревизија и изнаоѓање на заеднички решенија за надминување на истите.

На 13.11.2017 година се одржа работен состанок на членовите на Советот со членовите на Управниот одбор на Институтот на кој предмет на дискусија беа следните теми:

- предлог Правилник за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец;
- ревидиран Годишен план за проверка на контрола на квалитетот за 2016/2017 година;
- периодичен извештај за спроведување на проверките на контролата на квалитетот;
- тригодишна програма за работа на комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2017 - 2019 година, чие носење е одложено поради одредување на начинот на примената на одредбите на Законот за ревизија;
- примена на членовите 20 и 20-а од Законот за ревизија;
- Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ;
- потребни елементи кои треба да ги содржат Одлуките за изречени дисциплински мерки;
- изготвување на листа на акредитирани институции заради признавање на часовите за КПУ на овластените ревизори во странство;
- објава на актите на ИОРРМ во Службен Весник на РМ;
- изрекување на опомени во врска со полиси за осигурување од одговорност од штета;
- Годишен извештај за контролите, Годишен план за контрола 2017 - 2018; и
- предлози за измени и дополнувања на Законот за ревизија и други поврзани закони.

На работниот состанок членовите на Управниот одбор на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија дадоа свои видувања и забелешки за целокупниот начин на спроведување на контролата на квалитет, пропишана во измените на Законот за ревизија кои беа донесени во 2014 година. Посочија дека примената на одредени одредби би имале негативни последици, како на пример членот 20-а став (5), со кој се пропишува објавување на поединечните извештаи од извршените контроли на веб страницата на Институтот. Во врска со сертификатите со кои треба да се стекнат контролорите на квалитет, сметаат дека се дополнително оптоварување и дека светската пракса не препознава таков вид на сертифицирање на контролорите.

Присутните ја истакнаа и потребата од измени на Законот за ревизија и во делот на полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор. Беше истакнато дека и Советот и Институтот реагирале со дописи до Министерството за финансии кога се носеле измените на Законот за полагањето на испитот, но сепак укажувањата и забелешките не биле прифатени. Полагањето на испитот на начинот кој е предвиден со измената на Законот во 2013 година, се уште не се применува, што значи дека праксата покажува дека предвидениот концепт за полагање не е соодветен за стекнување на звање ревизор. Членовите на Управниот одбор очекуваат да имаат намалени оценки од страна на IFAC, доколку остане законското решение за начинот на спроведување на испитот, кој не соодветствува со барањата на IFAC.

Исто така, во врска со изготвување на листата на акредитирани институции заради признавање на часовите за КПУ на овластените ревизори во странство, членовите на Управниот одбор сметаат дека Законот не е јасен, односно во него не е прецизирано каде се одржуваат предавањата, кој ја спроведува обуката, кој ја акредитира институцијата, поради што сметаат дека најсоодветно решение би било измена на Законот во тој дел. Наведоа како IFAC го уредува ова прашање, односно истакнаа дека се признаваат настани кои се од отворен карактер, на кои може секој да пријави учество.

Членовите на Управниот одбор изразија мислење за потребата од регулација на сметководствената професија, ценејќи дека е поцелоисходно во иднина надлежноста за регулирање на професијата да биде во рамките на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, кој ќе биде регулатор и на сметководствената професија, пракса која е востановена во многу земји.

### *7.1 Надзор над Институтот*

Советот како независно и самостојно регулаторно тело на ревизијата во Република Македонија, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија врши надзор над работата на Институтот. При тоа, Советот го врши надзорот непосредно преку учество на член на Советот во Комисијата за контрола на Институтот и учество на Претседателот на Советот во Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор. Посредно Советот го врши надзорот согласно надлежностите утврдени во Законот за ревизија со

разгледување и давање мислења предлози и согласност на актите за Институтот.

### 7.2 Учество на КПУ

Во рамките на реализација на Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2017 година, в.д. претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија г-дин Премтим Исени со вработени во стручната служба на Советот присуствуваа на последниот циклус на часови за 2017 година во организација на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија. Истата се одржа на 29 и 30 ноември и 1 декември 2017 година во Холидеј Ин – Скопје.

Овој циклус на обука во организација на Институтот беше прва заедничка обука на членовите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и членовите на Институтот на овластени сметководители. Во тридневната обука беа опфатени и разработени следните теми:

1. Листа на проверки на обелоденувањата во Финансиските извештаи согласно стандардите за финансиски известувања применети од ентитетот,
2. МСФИ 3 – Деловни комбинации,
3. МСФи 15 – Приходи од договори со клиенти,
4. Оданочување на добивката – потреба од менување на легислативата,
5. Примена на експерт за ИТ технологии при ревизија на финансиските извештаи,
6. Кодекс на етика на МФС за професионални сметководители – NOCLAR и новите предизвици пред ревизорската професија, и
7. МСР 570 – Континуитет, МСР 705 – Модификации на мислењето во извештајот на независниот ревизор и МСР 706 – Пасус за нагласување на прашања и пасуси за други прашања во извештајот на независниот ревизори.

Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска од Економскиот факултет во Скопје, која е член на Советот имаше извонредна презентација на новите промени на Кодексот на етика на МФС, кои се ефектуираат оваа година. Посебен акцент беше даден на стандардот NOCLAR, кој се однесува на сериозни и штетни (опасни) неусогласености со законите и регулативите за кои професионалните сметководители се сомневаат или имаат индиции дека постојат и дава насоки како да постапат во тој случај имајќи ја предвид својата одговорност спрема јавноста.

Во завршениот дел од годишното КПУ беа презентирани теоретските основи со осврт на слабостите од областа увидени при контрола на квалитетот од тимот на Институт на овластени ревизор на Република Македонија и практични примери преку приказ на начин на документирање во ревизорско досие согласно со барањата на стандардите.

### 7.3 Дадени согласности на актите на Институтот

Во текот на 2017 година, Советот даде согласност на следните акти на Институтот:

1. Годишна програма за работа на Институтот за 2017 година;
2. Годишен извештај за работата на Институтот за 2016 година;
3. Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор;
4. Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ;
5. Правилникот за содржината за Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори; Регистарот на друштвата за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци;
6. Програма за обука на овластените ревизори кои ќе спроведуваат контрола;
7. Годишната и тригодишната програма за работа на комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги на Институтот; и
8. Годишниот извештај за наодите од извршените контроли за 2016 година.

### *7.4 Проверка на извештаите за транспарентност*

Како една од основните задачи на Советот е проверката на извештаите за транспарентност кои што согласно Законот за ревизија друштвата за ревизија се должни да ги објавуваат на годишна основа. Стручната служба на Советот согласно Упатството за проверка на извештаите за транспарентност ги проверува извештаите за транспарентност и подготвува Годишен извештај кој се доставува на разгледување од страна на Советот.

Врз основа на извршената проверка на извештаите за транспарентност, Советот врши анализа на поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, го утврдува вкупниот број на вработени кај нив, го утврдува вкупниот приход кој го оствариле друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци во 2017 година, расчленет на четири категории.

Посебен акцент во проверката на извештаите за транспарентност е ставен на анализата на вкупните приходи на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Анализата покажа дека пазарот за ревизија во Република Македонија е зависен од странските ревизорски мрежи. Тоа значи дека постои доволно странска и професионална експертиза при вршењето на ревизија во Република Македонија. Исто така, анализата покажа дека постои висока корелација помеѓу ревизорските услуги и не ревизорските услуги кои друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ги нудат и обезбедуваат на пазарот во Република Македонија.

Во Република Македонија се застапени 10 странски ревизорски мрежи. Во овие ревизорски мрежи членуваат само друштва за ревизија. Не постојат овластени ревизори – трговци поединци кои се дел од некоја странска ревизорска мрежа.

Вкупниот приход на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци бележи пораст, на сметка на приходот од ревизија кој се намалува.

### *8. Меѓународна активност на Советот*

По конституирање на Советот во месец Септември 2017 година, Советот презеде бројни активности и иницијативи за воспоставување на соработка со домашни и странски органи, тела и институции од областа на ревизијата. Овие иницијативи на Советот беа преземени во насока на унапредување на ревизорската професија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги во Република Македонија.

#### *8.1 Светска Банка*

На ден 19.12.2017 година во просториите на Советот се одржа состанок помеѓу Претседателот на Советот, Премтим Исени и претставници на Центарот за реформи во финансиското известување на Светска Банка, Калина Шукарова и Абас Хасан Казилбаш. На состанокот се дискутираше за предлог измените на Законот за ревизија кои што се изготвени заеднички со Институтот на овластени ревизори на РМ и членовите на Советот, кои во целост беа поддржани од претставниците на Светска Банка. Од Претседателот беше побарано Советот да добие поддршка за идни проекти, како и да се организира тркалезна маса на која ќе има јавна дебата по однос на изготвување на нов Предлог Закон за ревизија или изготвување на нови предлози за изменување и дополнување на веќе постоечкиот закон за ревизија. Во текот на дискусијата се отвори и прашањето за членство на Советот во ИФИАР (Меѓународен форум на независни регулатори за ревизија) и начини на финансирање на членството во истото.

Во ова поглавје посебно се наведуваат и заложбите на Советот во насока на унапредување на пазарот на ревизија во Република Македонија, институционалниот и регулаторниот развој на Советот, развојот и зајакнувањето на внатрешните капацитети на Советот, спроведувањето на Законот за ревизија и подобрување на целокупниот процес на финансиско известување во Република Македонија. Советот е интегрален дел од правниот систем на Република Македонија и активно работи на подобрување на целокупната бизнис клима во земјата преку заштита на интересот на инвеститорите, кредиторите, банките, јавноста и вработените со цел креирање на нови работни места, а со тоа и унапредување на пазарот за ревизија во Република Македонија.

#### *8.2 Таекс проект*

Во период од 09.10. до 12.10.2017 г. Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (СУНРРМ), како носител на TAIEX- „Експертска мисија за ИТ надзорен систем за законските ревизии на правните лица од јавен интерес" успешно ја реализираше експертска мисија финансирана и организирана од страна на Европската Комисија - Генерален директорат за добрососедство и проширување – Оддел 3 – TAIEX, Брисел, Белгија.

Експертите од Естонија Mr Märt-Martin Arengu (Март-Мартин Аренгу) – Талин, Естонија President of Estonian Auditors' Association (Претседател на Естонска асоцијација на ревизори) и Mr Aleksandr Beloussov (Александр Белусов) – Талин, Естонија Head of Business Reporting Systems Unit Centre of

Registers and Information Systems of Estonia (Раководител на одделение за бизнис системи и известување во Центарот за регистри и информациски системи на Естонија) беа примени од страна на Претстедателот на Совет г. Премтим Исени и неговиот тим.

Низ четиридневен престој во Република Македонија, експертите одржаа работни средби со претставниците на Министерството за финансии, Министерството за Економија, Централниот регистар на Република Македонија како и со Претстедателот на Управниот одбор и дел од членовите на УО на Институтот за овластени ревизори на РМ.

Целта на експертската мисија беше да се поддржи Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и Министерството за финансии, во проценка на идни измени на законската регулатива во делот за законска ревизија која се однесува на ИТ системот за надзор на истата.

Реализацијата на оваа експертска мисија произлезе од неопходноста за воведување и практична имплементација на Директивата 2014/56/ЕУ од Европскиот парламент и Советот на Европска унија од 10.04.2014 за законски ревизии и годишни сметки и консолидирани сметки како и Регулатива 537/2014 за специфичните барања во поглед на законска ревизија за правните лица од јавен интерес со посебен осврт во делот за спроведување на надзорен ИТ систем кој ќе обезбеди ефикасен и ефективен надзор на законски ревизии на правни лица од јавен интерес и други ревидирани субјекти.

Експертската мисија ке се обиде да изготви проект за развојот на информатичкиот систем за практична примена на меѓународните стандарди за ревизија кој ќе обезбеди ефикасен и ефективен надзор над законските ревизии на правните лица од јавен интерес.

Од конечниот извештај на експертите се очекуваат низа предлози како што е:

- Евалуација на потребните измени во подзаконската регулатива за анализа на извештаите за транспарентност преку користење на ИТ системот. Воспоставувањето надзорен систем над ревизорите подразбира и воведување систем за прибирање информации и податоци од пазарот.
- Евалуација на внатрешната организација и потребниот капацитет на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија за практична имплементација на ИТ систем за надзор над законските ревизии кај правните лица од јавен интерес.
- Естонски експерти да ги пренесат искуствата во развојот на Методологија и континуирано професионално усовршување и искуството во развој на ИТ софтвер во однос на ревизијата и сметководството; искуството во развој на различни методолошки упатства за развој и споделување најдобри практики во ревизијата; искуство во примена на ЕУ законодавство, согласно Национална програма за усвојување на правото на Европската унија во врска со поглавје 6, како и искуство во ИТ анализа на сметководствени и ревизорски податоци дадени во ревизорскиот извештај и во годишните и консолидираните сметки.

### *8.3 Репарис проект*

В.д. Претседателот на Советот и вработен во стручната служба на Советот, во период од 24.10. до 25.10.2017 во Виена, Австрија, присуствуваа на работилница во организација на Светска Банка – ЦЕНТАР ЗА РЕФОРМИ ВО ФИНАНСИСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ на тема: (WB - CFRR, Advancing in Accounting & Auditing Regulation: "Improving Complience throught Better Enforcement and Adequate Requirements for Non - Financial Reporting").

На работилница присуствуваа и претставници од 6 земји партиципиенти на РЕПАРИС програмата на Светска банка од: Србија, Косово, Албанија, Црна Гора како и Босна и Херцеговина со две земји претставнички (на Федерација БиХ и на Република Српска). Во делот на пленарните дискусии, присуствуваа и претставници на земјите на тнр. СТАРЕП програма на Светска банка (Арменија, Азербејџан, Белорусија, Молдавија, Грузија и Киргизија).

Основните теми на работилницата се однесуваа на дискусии на севкупниот аспект на не-финансиско известување за компаниите (како составен дел на ревизорскиот извештај) и известување од страна на надзорните тела со посебен акцент на контролата на квалитет. Презентациите и дискусиите, се однесуваа на различен принцип на имплементирање на контролата на квалитет од што произлезе потребата на изменувања и дополнувања на законската регулатива во националните законодавства и нивното усогласување со acquis communautaire.

На работилницата беше презентирана и новата програма - „ПУЛСАР„ (финансирана од Владата на Швајцарија и Министерството за надворешни работи на Австрија) со цел за зајакнување на внатрешните организации и потребниот капацитет во јавниот сектор во регионот, со користење на Регионален и национален принцип на финансирање на проекти на заинтересираните страни.

### *8.4 Учество на конференција во Албанија*

Во периодот од 17.11. до 18.11.2017 година во Тирана - Албанија, Институтот на сертифицирани сметководители / ревизори на Албанија ја одржа IV конференција "Ревизорски предизвици во економското опкружување со постојни промени" на чија покана присуствуваше и в.д. Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Р.М Премтим Исени и вработен во стручната служба на Советот.

На овој настан присуствуваа голем број учесници, професионалци од областа на ревизијата и сметководството како и експерти од регулаторните тела од земјата и странство, при што преку панел дискусии се разменуваа мислења и се споделуваа искуства.

На настанот присуствуваа гости од регулаторните тела од Германија, Грција, Азербејџан, Франција, Косово, Македонија, Бугарија, Црна Гора, Србија.

### *8.5 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план*

Имајќи ги во вид Директивите за ревизија на Европската Унија, со кои се ограничува соработката на регулаторните органи, тела и институции на ревизијата од земјите членки на Европската Унија со други регулаторни органи, тела и институции на ревизијата на други т.е. трети земји кои не се членки на Европската Унија, Советот покрена иницијатива пред Европската Комисија за добивање согласност за еквивалентност и адекватност во соработката. Со цел да добие согласност за соработка Советот во наредниот период ќе преговара со Европската Комисија заради интегрирање во европските регулаторни организации од областа на ревизијата.

Советот од 2015 година отпочна активно да преговара за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата (ИФИАР) и очекува дека наскоро ќе се зачлени во ова организација на глобално ниво. Тоа за Советот ќе значи активно и постојано да биде во тек во најновите трендови на ревизијата на глобално ниво и нивно преточување во домашната професионална регулатива од областа на ревизијата. Членството се очекува да се ефектуира во текот на 2018 година.

## *9. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2017 година*

| Група | Расходна ставка | Опис | План на сметката 637 | Реализација на сметката 637 | План на сметката 787 | Реализација на сметката 787 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 3.160.000,00 | 2.868.777,00 | - | - |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.240.000,00 | 1.056.150,00 | - | - |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **4.400.000,00** | **3.924.927,00** | - | - |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 0,00 | 0,00 | 400.000,00 | 92.904,00 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0,00 | 0,00 | 850.000,00 | 809.311,00 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 50.000,00 | 49.972,00 | 200.000,00 | 37.444,00 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 26.000,00 | 26.000,00 | 100.000,00 | 10.276,00 |
| | 425 | Договорни услуги | 90.000,00 | 89.885,00 | 1.100.000,00 | 1.074.728,00 |
| | 426 | Други тековни расходи | 50.000,00 | 49.959,00 | 270.000,00 | 141.183,00[1] |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **216.000,00** | **215.816,00** | **2.920.000,00** | **2.165.846,00** |
| | 464 | Плаќање по судски решенија | 200.000,00 | 181.720,00 | - | - |
| **46** | | **Разни трансфери** | **200.000,00** | **181.720,00** | - | - |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 | 0,00 |

[1] Постои разлика помеѓу реализираните средства и сумата во трезорската евиденција во Министерството за финансии, бидејќи од сметката 787, ставка 426, влечеме материјалани средства. Неискористените средства, односно разликата се пренесува како готовина во 2018 година.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 483 | Купување на мебел | 0,00 | 0,00 | 30.000,00 | 25.830,00 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **0,00** | **0,00** | **80.000,00** | **25.830,00** |
| | | **ВКУПНО** | **4.816.000,00** | **4.322.463,00** | **3.000.000,00** | **2.191.676,00** |

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на Буџетската сметка 637 за 2017 година изнесуваат 4.322.463,00 денари, додека на сметката од самофинансирачки активности 787 расходите за 2017 година изнесуваат 2.191.676,00 денари.

***Плати и надоместоци*** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 3.924.927,00 денари, односно 90,8% од вкупните расходи на Буџетската сметка. Истите се однесуваат за исплата на плати за Претседателот на Советот и вработените во стручната служба.

***Стоки и услуги*** – Расходите за стоки и услуги од Буџетската сметка изнесуваат 215.816,00 денари, а од самофинансирачката сметка изнесуваат 2.165.846,00 денари. Расходите во рамките на оваа категорија се однесуваат на исплата на патни и дневни расходи за патувања на вработените во земјата и странство, комунални услуги за просторот со кој располага Советот, расходи за материјали и ситен инвентар, расходи за поправки и тековно одржување, расходи за договорни услуги и други тековни расходи.

***Разни трансфери*** – Расходот од оваа ставка изнесува 181.720,00 денари и истиот се однесува на доплата на разлика во плата на вработен во Советот, врз основа на добиена судска пресуда.

***Капитални расходи*** – Капиталните расходи на самофинансирачката сметка изнесуваат 25.830,00 денари. Овие средства беа наменети за исплата на канцелариски мебел за опремување на просториите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Број 01-186/13<br>08.06 2018 година<br>Скопје | Претседател на Советот,<br>Премтим Исени |